РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-854/1
23-02-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на подносителот ДТПУ -------------- ДООЕЛ --------., Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 46-та седница одржано на ден 19.02. 2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-3439 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-3439/1 од 05.07.2019 година доставена од подносителот ДТПУ -------------- ДООЕЛ --------.„ **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-3439 од 2019 година, во предметниот случај постапено е од други надлежни органи и не се потврдени предметните наводи.

Предметот со број 12-3439 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3439 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-3439/1 од 05.07.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ДТПУ -------------- ДООЕЛ --------.

Во предметната пријава изнесени се наводи за неправилности и незаконитости, како и за злоупотреба на службена должност, влијание и дискриминација на субјект во постапка за јавна набавка во ЈЗУ Универзитетска клиника за ------------- Скопје спроведена по оглас број -------- од 28.03.2019 година, за доделување на договор за јавна набавка на стоки - Медицински помагала за лабораторија за електрофизиологија и електростимулација на срце (електростимулатори, дефибрилатори, електроди, катетри и др.).

Во прилог на пријавата доставена е копија од документација: предлози и коментари, Записник од спроведен технички дијалог, тендерска документација.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барања до надлежни институции за прибирање на податоци, информации и документација во врска со предметните наводи. По барањата на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

доставени се известувања со прилог документација и по разгледувањето на целокупната документација со која располага за предметниот случај од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

- Во конкретниот случај, станува збор за постапка за јавна набавка спроведена во ЈЗУ Универзитетска клиника за ------------- Скопје по оглас број ------------- од 28.03.2019 година за доделување на договор за јавна набавка на стоки - медицински помагала за лабораторија за електрофизиологија и електростимулација на срце (електростимулатори, дефибрилатори, електроди, катетери и др.), во постапка со спроведување на технички дијалог, а директорот на предметната ЈЗУ ја потпишал Одлуката за спроведување на наведената постапка за јавна набавка како и одлуката за избор на понуда.

Од страна на подносителот на пријавата постои сомневање за легалност на предметната постапка за јавна постапка поради фактот дека со неа се набавувал потрошен материјал за апаратура која се уште не била набавена, а што според наводите во пријавата, било спротивно на закон а предметната јавна набавка била скандалозна поради тоа што не можело да се оправда набавка на средства и материјали за работа за опрема со која договорниот орган не располагал. Имено, во тендерската документација договорниот орган навел забелешка дека материјалите, предмет на набавката од Дел бр. 34 до 43, се во директна корелација со претходна набавка на апарати преку Министерството за здравство и се ставени под ставка Условен Буџет, што значело дека доколку не била набавена потребната апаратура за овие материјали, истите немало да бидат повлекувани односно нарачувани а сто така, во тендерската спецификација - предмет на набавката дел 34, 35 и 36, биле утврдени карактеристиките на катетерите за да бидат компатибилни за „3D mapping system" на апаратите иако во моментот не се знаело за каква апаратура се работи;

Во предметната постапка за јавна набавка, од страна на ДТПУ -------------- ДООЕЛ --------, како економски оператор кој сакал да добие можност за учество во постапката, до комисијата за спроведување на предметната јавна набавка, биле доставени предлози и забелешки на технички дијалог по однос на повеќе Делови од работната верзија на техничката спецификација и биле дадени коментари по однос на дефинирањето на техничката спецификација за набавката во Дел 34, 35 и 36, за тоа дека таа била изготвена со ограничувачки параметри кои упатувале на конкретно производство а во описот на производите - катетери кои биле предмет на набавката било наведено и бренд името на производот (------- и --------- со што се предјуцирало каков систем треба да се набави, се фаворизирал еден производител односно можело однапред да се претпостави за кој производител била направена спецификацијата, а со што била ограничена конкуренцијата и им било оневозможено на економските оператори да добијат можност за рамноправно учество во предметната постапка за јавна набавка.

Комисијата за спроведување на предметната јавна набавка не ги прифатила дадените забелешки и предлози а по однос на дадените коментари за Дел 34, 35 и 36 било образложено дека називот на производот наведен во неговиот опис не претставувале типови на катетери туку била само англиска транслација така што договорниот орган не упатувал и не фаворизирал на конкретно производство или производ .

Подносителот на пријавата смета дека во предметната јавна набавка од страна на договорниот орган намерно така била дефинирана техничката спецификација за катетерите со што во конкретниот случај од страна на наведената ЈЗУ УК било постапено спротивно на Законот за јавни набавки, член 82

став(8) каде е наведено дека договорниот орган не смее да дефинира технички спецификации кои упатуваат на конкретно производство, изведба, определен процес или трговски марки, патенти, видови или специфично потекло на стоки со цел фаворизирање или елиминирање определени економски оператори или определени стоки, а што повлекувало кривична одговорност.

Во доставената пријава нема информација дали во врска со наведеното како незадоволна странка, подносителот се обратил до друг надлежен орган (понесена пријава, изјавена жалба или поднесено барање во постапка на правна заштита до Државната комисија за жалби по јавни набавки и сл.) или пак дека побарал управно - правна заштита т.е. дали завел спор по однос на фаворизирањето односно дискриминацијата. Според подносителот на пријавата, со одобрувањето и спроведувањето на ваквата предметна набавка, директорот на наведената ЈЗУ УК сторил злоупотреба на својата службена должност, флагрантно кршење на законските одредби и на ЗСКСИ член 38 став 2 со дискриминација на субјект во постапка за јавна набавка, па бара ДКСК да постапи по предметните наводи и да преземе соодветни мерки и активности согласно своите законски надлежности.

- ДКСК, заради проверка на предметните наводи, изврши увид во електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) на Бирото за јавни набавки (БЈН) при што дојде до следните сознанија:

-постапката за јавна набавка со предмет на договорот: Медицински помагала за лабораторија за електрофизиологија и електростимулација на срце (електростимулатори, дефибрилатори, електроди, катетери и др,) била реализирана од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за ------------- Скопје по оглас број --------- ,

- предметот на договорот на предметната јавна набавка бил делив на делови како што било дефинирано во техничките спецификации, критериум за доделување на договорот за јавна набавка била најниска цена, а договорот за јавна набавка ќе се доделел во отворена постапка која ќе завршела со електронска аукција како последна фаза во постапката,

- во тендерската документација договорниот орган на крајот од II. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ навел *Забелешка „Материјалите кои се наведени од Дел 34 до 43 се во директна корелација со претходна набавка на апарати преку Министерство за здравство, и се ставени под ставка Условен буџет, што значи дека доколку не се набави потребната апаратура за овие материјали, истите нема да бидат повлекувани односно нарачувани“*

- во предметната постапка за јавна набавка биле склучени 3 договори и тоа: 1)Договор број 03-334/44 од 23.07.2019 година склучен со Друштво за производство, трговија и услуги ------------ ---------------- ------ експорт-импорт ---------за Дел 3,13,23,24,25,26 и 33; 2) Договор број 03-334/45 од 23.07.2019 година склучен со Друштво за промет и услуги ------------- ----ДООЕЛ експорт-импорт -------- за Дел 9 и 3) *Договор број 03-334/46 од 23.07.2019 година склучен со Друштво за трговија и услуги ---------- ДОО -------- на ден за Дел 2, 6, 8, 10, 14, 16, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41 и 42;

- на 30.10.2019 година, од страна на договорниот орган објавено е Известување за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка во врска со огласот број 6/2019, а во кое се известува дека постапката била поништена за дел: 1, 4, 5, 7, 11, 12, 15, 17, 18, 19, 20, 21, 22 и 43 од причина што не била поднесена ниту една прифатлива понуда;

- Бирото за јавни набавки, по барањето на ДКСК, на ден 07.09.2020 година известува дека по однос на барањето да изврши надзор над законитоста на постапката за јавна набавка и управна контрола согласно со условите од ЗЈН во ЈЗУ УК ЈЗУ Универзитетска клиника за -------------- Скопје по однос на предметната постапка за јавна набавка, Бирото нема надлежност да пристапи кон вршење на управна контрола во предметната постапка за јавна набавка поради тоа што не биле исполнети условите од членот 172 од ЗЈН, односно поради тоа што БЈН вршел управна контрола пред испраќање на одлуката за избор или за поништување на постапката, а по однос на предметната постапка од страна на договорниот орган биле донесени одлуките за избор и на ден 23.07.2019 година биле склучени договори помеѓу договорниот орган и избраните најповолни понудувачи.

-По проверки извршени од ДКСК, дојдено е до сознанија дека во врска со предметниот случај било постапено од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки која, одлучувајќи по жалбата на жалителот – "-------------- ДООЕЛ --------., изјавена против Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.------------од 24.06.2019 година донесена по Огласот за доделување на договор со јавна набавка со отворена постапка бр.06/2019 за набавка на стоки - медицински помагала за лабораторија за електрофизиологија и електростимулација на срце електростимулатори, дефибрилатори, електроди, катетери и др.) на договорниот орган ЈЗУ Универзитетска Клиника за --------------- – Скопје, донела Решение со број ------------ од 18.07.2019 година, со кое жалбата се одбива како неоснована.

Ова значи дека подносителот на пријавата, по доставувањето на пријавата до ДКСК во врска со предметната постапка за јавна набавка, изјавил жалба до надлежниот орган бидејќи како учесник во постапката сметал дека во истата биле направени битни пропусти од страна на договорниот орган при евалуација на понудите, предметната набавка била проследена со низа неправилности во преземањето на дејствија од страна на договорниот орган меѓу кои се наведени и предметните наводи (т.е. *дека договорниот орган не смеел да дефинира технички спецификации кои упатуваат на конкретно производство или трговски марки со цел фаворизирање или елиминирање на определени економски оператори или определени стоки*).

Во образложението на Решението по изјавената жалба, детално е образложено постапувањето на Државната комисија за жалби по јавни набавки, била прибрана потребната документација и бил извршен увид во ЕСЈН за спроведената постапка за јавна набавка, по што било утврдено дека изјавената жалба била неоснована и дека договорниот орган постапил согласно со член 140 став 7 од Законот за јавни набавки согласно кој неприфатливите понуди не ги евалуира и со право понудата на жалителот ја отфрлила како неприфатлива понуда од причина што не ги исполнувала во целост барањата наведни во техничката спецификација.

Во однос на наведената забелешка во техничката спецификација, Државната комисија утврдила дека договорниот орган имал донесено Одлука за спроведување на постапка за набавка бр. ----------- од 19.03.2019 година, со која биле обезбедени финансиските средства за предметната постапка што се подразбира и за материјалите наведени од дел 34 до дел 43 од предметот на јавната набавка. Државната комисија утврдила дека во техничката спецификација во забелешката е наведено дека материјалите од дел 34 до 43 од предметот на набавката се за претходно набавен апарат преку Министерство за здравство.... На страна 18 од образложението на Државната комисија е наведено дека од *страна на договорниот орган било доставено произнесување и дополнување по однос на вложената жалба во кое,*

*меѓу другото се наведувало дека договорниот орган останувал на својот став дека при дефинирањето на технички спецификации не се работело за дефинирање на трговска марка, туку дека станувало збор за опис на тип на производ.* На крајот на решението дадено е упатство за правно средство, дека согласно член 230 од Законот за јавните набавки и член 20 од Законот за управните спорови, против ова решение незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 од денот на приемот на решението.

-ДКСК заради утврдување на фактичката состојба по отворен предмет, во рамките на законските надлежности, побара од Комисијата за заштита на конкуренцијата стручно мислење по однос на тоа дали дефинираните технички спецификации за дел бр.34, 35 и 36 во постапката за доделување на договор за предметната јавна набавка од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за ------------------, Скопје ја ограничуваат конкуренцијата на пазарот.

На ден 05.11.2020 година, од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата добиено е известување со кое ДКСК се известува дека Комисијата постапила по барањето на ДКСК и на седница одржана на 04.11.2020 година го донела следното Мислење : „Со наведувањето во Огласот за доделување на договор за јавна набавка по Отворена постапка бр.6/2019 година (Медицински помагала за лабараторија за електрофизиологија и електростимулација на срце) на ЈЗУ Универзитетска клиника за --------------- во делот 34, 35 и 36 на барањата „Аблативен катетар компатибилен со 3D мапинг систем кој работи на електромагнетно поле со прецизност од 1мм или еквивалент, ---------- катетар компатибилен со 3D мапинг систем кој работи со прецизност од 1мм или еквивалент и ------------катетар компатибилен со 3D мапинг систем кој работи со прецизност од 1мм или еквивалент не се ограничува конкуренцијата односно истите немаат влијание врз конкуренцијата на пазарот. “

Во образложението на доставеното мислење, Комисијата за заштита на конкуренцијата наведува дека при донесувањето на мислењето бил земен во предвид одговорот добиен од претседателот на Стручната комисија на наведената ЈЗУ, д-р. --------- --------, а во кој било доставено објаснување дека наведените критериуми за компатибилност со 3D Мапинг системот биле потребни заради компатибилност со Мапинг системот кој се набавувал во друга постапка од Министерството за здравство, а дополнително во дописот се наведувало дека во описот ------- и -------- се мисли на формата т.е. на циркуларен катетар, односно катетар со пет краци соодветно, а истото се однесува и на поимот ------- catheter, односно дека не станувало збор за дефинирање на бренд на производ туку за форма на производот, како и било потенцирано дека кај секоја од спорните ставки во описот на техничките карактеристики стоело „или еквивалентно“.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај било постапено од страна на друг орган кој е надлежен да постапува -Државната комисија за жалби по јавни набавки, кој постапил по жалба изјавена од страна на подносителот на пријавата како незадоволен учесник во предметната постапка за јавна набавка, по што од страна на овој надлежен орган било утврдено дека изјавената жалба била неоснована и дека договорниот орган постапил согласно со одредбите од Законот за јавни набавки. Воедно, за конкретниот случај од страна на ДКСК прибавено е и стручно мислење од надлежен орган - Комисијата за заштита на конкуренцијата од кој доставено е

мислење дека со објавувањето на техничките спецификации во предметната постапка за јавна набавка од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за ---------- Скопје, не се ограничувала конкуренцијата односно истите немале влијание врз конкуренцијата на пазарот. Со оглед на констатираното, ДКСК заклучи дека во предметниот случај постапено е од други надлежни органи и не се потврдуваат предметните наводи, по што оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до :
- Архива и подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : м-р Ш.С.,член на ДКСК